Република Македонија
Интернационален универзитет
ЕУРОПА ПРИМА
Бр. 03-781/2
16.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ
ЕУРОПА ПРИМА
2007
Address: „Nikola Rusinski" No.1, 1000 Skopje / phone: +389 2 306 1543
www.europaprima.com / www.europaprima.edu.mk / E-mail: info@europaprima.com

# ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА

## ИНСТИТУТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ СТУДИИ И ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА

## ЗА ПЕРИОД 2026 – 2028

## 1. ВОВЕД

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита претставува високо специјализирана научно-истражувачка, уметничко-истражувачка и развојна единица во рамките на Интернационалниот универзитет „Европа Прима“ – Скопје.

Институтот е регистриран како приватен научен институт. Неговата улога не се ограничува само на промоција и дигитална заштита на аудиовизуелното творештво, туку пред сè се дефинира како истражувачки центар за аудиовизуелни студии, со фокус на анализа, интерпретација и теоретско артикулирање на современите и традиционалните аудиовизуелни феномени.

Во овој контекст, Институтот развива:

- систематско научно истражување во областа на филмот, музиката, дигиталните уметности и интермедијалните практики,
- примена на уметничко-истражувачки модели како методолошка рамка, заедно со процеси на архивирање, дигитализација и интерпретативна анализа на аудиовизуелното наследство,
- креирање културни политики и стратегии засновани на истражувачки податоци,
- поддршка на професорскиот и уметничкиот кадар во истражувања,

- унапредување на аудиовизуелните уметности преку национални и меѓународни активности,
- креирање продукциски и културни иницијативи,
- обезбедување експертиза, анализи, јавни политики и развојни програми во областа.

Овој документ го утврдува тригодишниот развоен и истражувачки план за периодот 2026–2028, со посебен акцент на јакнење на научниот капацитет, меѓународната видливост и продукцијата на рецензирани научни резултати.

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита развива интегриран и систематски научно-истражувачки пристап кој ја опфаќа широката област на аудиовизуелните уметности, филмологијата, музичките практики и дигиталните технологии.

Истражувачката дејност се заснова на методолошки прецизни и теоретски утврдени рамки, со цел да се продуцираат нови знаења, аналитички модели и критички интерпретации на аудиовизуелните феномени во локален, регионален и европски контекст.

Посебен акцент се става на развојот на уметничко-истражувачки (practice-based research) модели, во кои уметничката пракса не се третира само како резултат, туку и како метод на истражување. Преку ваквиот пристап се овозможува директна врска меѓу теоријата и практиката, при што аудиовизуелната продукција станува лабораторија за создавање на нови естетски, аналитички и методолошки сознанија.

# 2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

## 2.1 МИСИЈА

Мисијата на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита е да поттикнува истражување, образование и практична заштита на аудиовизуелното наследство, обезбедувајќи техничка, етичка и институционална поддршка за дигитална

конзервација на делата со универзални вредности, како и јавна афирмација на наднационалните интереси.

Во таа насока Институтот има за цел да создаде платформа за соработка помеѓу уметниците, истражувачите и институциите, преку развој и учество во проекти посветени на дигитализацијата и современото архивирање на аудиовизуелните но и на другите видови материјали од културно, национално и универзално значење, при што се што се заложува за промоција и примена на современи практики во аудиовизуелните студии и дигиталната заштита.

Развојот и афирмацијата на аудиовизуелните студии и дигитална заштита ИАСДЗ се заложува да ги реализира преку организирање на конкретни научни и културни настани, симпозиуми, истражувачки проекти, активности за дигитализација и заштита на аудиовизуелното наследство, поттикнување на професионален дијалог и соработка помеѓу уметниците, професионалниот технички кадар, научниците и културните институции, преку истражување, образование, дигитална конзервација и отворен пристап, обезбедувајќи техничка и етичка експертиза за зачувување и промоција на аудиовизуелното наследство.

Реализацијата на оваа мисија се поттикнува и конкретно преку:

- Поттик на публикации во рецензирани списанија и меѓународни издавачки куќи,
- Поттик на истражување и афирмација на аудиовизуелните уметности, преку научни и културни настани.
- Организација на работилници, конференции и симпозиуми, со цел презентација на современите архивски практики и техники за дигитализација на аудио и видео записите, како и дигитализација на други податоци од исклучителна важност.
- Развој на издавачка дејност, вклучувајќи ги списанијата „Линк“ и „Сум“ и публикации на професори и соработници.
- Креирање на платформа за соработка помеѓу уметниците, академијата, стручната фела,  јавните институции и медиумските куќи.
- Промоција на македонското културно наследство, аудиовизуелен јазик и идентитет на национално и меѓународно ниво.

- Овозможува непречено усовршување на кадарот, учество на меѓународни конференции и презентација на научно-творечки резултати.

## 2.2. ВИЗИЈА

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита се стреми да се развие во препознатлив и релевантен регионален и меѓународен центар за научно-истражувачка, културна и стручна размена во областа на аудиовизуелните студии и дигиталната заштита на културното наследство. Визијата на Институтот е да воспостави одржлив модел на развој кој ќе овозможи континуирано унапредување на истражувачките капацитети, техничката инфраструктура и интердисциплинарниот пристап во работата.

Во таа насока, Институтот ќе се позиционира како современа и отворена институција која поттикнува критичка мисла, иновативни методологии и соработка помеѓу различни научни и уметнички дисциплини. Преку развој и одржување на современи дигитални архиви, бази на податоци и ресурси, ќе се обезбеди широк и инклузивен пристап до аудиовизуелни содржини, овозможувајќи нивна заштита, валоризација и повторна употреба во научни, образовни и културни контексти.

Институтот има за цел да стане институција која ќе поставува стандарди во областа на дигиталната заштита и управувањето со аудиовизуелното наследство, преку примена на современи технологии, развој на истражувачки проекти и активно учество во меѓународни иницијативи и мрежи. Воедно, ќе се стреми кон зајакнување на својата улога како мост помеѓу академската заедница, културните институции и пошироката јавност, придонесувајќи кон развој на одржлив културен и научен екосистем.

Преку доследна примена на принципите на квалитет, иновативност и општествена одговорност, Институтот ќе гради препознатлив идентитет заснован на академска извонредност, техничка експертиза и јавна ангажираност. Крајната цел е да се позиционира како водечка институција во регионот, која активно придонесува кон зачувување, истражување и современа интерпретација на аудиовизуелното творештво,

како и кон унапредување на научните и културните политики на национално и меѓународно ниво.

## 3. ПОДРАЧЈА НА ИСТРАЖУВАЊА

**1.** Институтот врши научно-истражувачка, уметничко-истражувачка и апликативна дејност во областите на аудиовизуелните и интердисциплинарните уметности и науки, како и во сродни хуманистички, општествени, природни и технички науки.

**2.** Предмет на истражувањата на Институтот особено опфаќа:

- развој и унапредување на современи уметнички практики (театар, филм, музика, дигитални уметности);
- дигитализација на аудиовизуелното наследство и негова современо архивирање и интерпретација;
- интердисциплинарни истражувања кои ги поврзуваат уметноста, технологијата и општеството;
- методологии на истражување во аудиовизуелните уметности и технологии (practice-based research) и нивна примена во високото образование;
- културни политики, менаџмент во аудиовизуелните уметности и креативните индустрии;
- европски и меѓународни културни соработки и мобилност;
- дигитализација, заштита и презентација на уметнички дела и процеси;
- иновации во уметничкото образование поврзано со аудио и видео технологиите и трансфер на знаење.

**3.** Институтот може да реализира истражувања во соработка со домашни и меѓународни високообразовни установи, научни институции, културни организации и други релевантни субјекти, во согласност со важечката законска регулатива и релевантните подзаконски акти.

**4.** Истражувањата ќе се одвиваат во следниве главни области:

- Ликовна/визуелна уметност (6.04.00.01)
- Применета уметност и дизајн (6.04.00.02)
- Заштита, конзервација и реставрација (6.04.00.03)
- Теории на ликовните/визуелните уметности (6.04.00.04)
- Музички уметности и наука (6.04.00.05)
- Аудиовизуелни уметности (6.04.02.04)
- Филмологија (6.04.02.04)
- Други Аудиовизуелни уметности (6.04.02.07)
- Културно наследство (6.05.03.01)
- Современа култура (6.05.03.02)

Поради мултидисциплинарноста на Институтот истражувањата неминовно ќе навлезат и во одредени природни науки, инженерство, технологија и медицина, пред сѐ од следниве области:

- Компјутерски науки (1.02.00.01)
- Информациски науки (1.02.00.02)
- Оптика (1.02.00.07)
- Друго од физиката (1.03.00.16 – Акустика)
- Електрични кола и процесирање на сигнали (2.02.00.01)
- Електроника (2.02.00.10)
- Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14)
- Друго од медицината (3.02.00.40 – Физиолошка и психолошка акустика)

# 4. SWOT АНАЛИЗА

## 4.1 СИЛНИ СТРАНИ

- Професионален кадар со академски и професионален кредибилитет

- Соработка со архиви, воспоставени врски со филмски студија/ТВ куќи/приватни компании/јавни институции вклучени во креирање на аудиовизуелни содржини
- Подготвеност за развој на меѓународни проекти

### 4.2 СЛАБОСТИ

- Ограничена техничка инфраструктура
- Недоволен обем на систематизирано истражување
- Потреба од повеќе извори на финансирање

### 4.3 МОЖНОСТИ

- Европски програми за култура, истражување и иновации
- Вклучување во меѓународни мрежи за соработка во доменот на архивирање аудиовизуелни содржини, како и други содржини и објекти од национален интерес и со универзално значење
- Интердисциплинарни проекти со филм, музика и мултимедија

### 4.4 ЗАКАНИ

- Финансиска нестабилност на секторот
- Конкурентни институции во регионот
- Технолошка побарувачка што бара постојано вложување

## 5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ (2026 - 2028)

### 5.1 ОБРАЗОВНА И ТРЕНИНГ ФУНКЦИЈА

- организирање работилници, курсеви и програми за обука (студенти, архивари, технички кадар).
- доделување награди и признанија за достигнувања во аудиовизуелните студии и дигитална заштита

## 5.2 ИСТРАЖУВАЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

- развој на лаборатории/студија за дигитална реставрација, конзервација и експериментална продукција.
- организирање конференции, симпозиуми и научни собири
- иницирање активности за дигитализација, заштита и архивирање на аудиовизуелното творештво

## 5.3 ОТВОРЕН ПРИСТАП И ПУБЛИКАЦИИ

- промовирање на отворен пристап до истражувачки резултати, дигитални архиви и каталози.

## 5.4 ЕТИЧКИ И ПРАВНИ СТАНДАРДИ

- придржување кон етички практики, авторски права и приватност при дигитализација.

## 5.5 ДОЛГОРОЧНА ДИГИТАЛНА КОНЗЕРВАЦИЈА

- усвојување на меѓународни стандарди за дигитално архивирање (формати, метаподатоци, миграција).
- промоција на современи технологии во аудиовизуелното творештво, дигитализацијата, архивирањето и заштитата

## 5.6 ИНКЛУЗИВНОСТ И ЈАВНА АНГАЖИРАНОСТ

- креирање програми за вклучување на локални заедници, млади автори и маргинализирани групи.
- поттикнување културен дијалог и интердисциплинарна соработка

### 5.7 ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ И ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА СРЕДСТВА

- стратегија за грантови, партнерства, комерцијални активности и донации.

# 6. АКТИВНОСТИ ПО ГОДИНИ

## 6.1 ГОДИНА I – 2026

### 6.1.1 НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

- Формирање Истражувачка единица за дигитална заштита и медиумски студии.
- Поддршка за учество на кадар на конференции за архивирање и конзервација.
- Изработка на минимум две научни студии/аналитички трудови за состојбата на дигиталниот фонд во РСМ.

### 6.1.2 СТРУЧНИ ПРОГРАМИ

- Реализација на една годишна обука/работилница за дигитално архивирање (за институции).
- Менторска поддршка на професорски експертски проекти за евалуација на дигитални фондови.

### 6.1.3 ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

- Склучување меѓународни договори со сродни институти/архиви.
- Вклучување во европски мрежи за дигитално наследство (Europeana, AABC).

- Склучување на договор за продолжување на соработката со Институтот на Универзитет Париз-Пантеон-Асас II**;**
- Склучување на договор за продолжување на соработката со Нов Бугарски Универзитет;
- Склучување на договор за продолжување на соработката со Академија на уметности од Нови Сад;

### 6.1.4 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

- Развивање дигитален систем (DAMS) за архивирање на истражувачки и аудиовизуелни материјали.
- Обнова и набавка на аудио-видео опрема и софтвер за дигитализација и конзервација.

### 6.1.5 ПАРТНЕРСТВА

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита ја препознава важноста на партнерствата како клучен елемент за одржлив развој, унапредување на квалитетот на научно-истражувачката работа и зајакнување на својата улога во академската и културната заедница. Во таа насока, Институтот активно гради и развива соработка со домашни и меѓународни високообразовни институции, научно-истражувачки центри, културни установи, архиви, музеи, медиумски организации и други релевантни чинители.

Партнерствата се насочени кон реализација на заеднички научно-истражувачки и уметничко-продукциски проекти, размена на знаења и добри практики, како и кон развој на интердисциплинарни пристапи во областа на аудиовизуелните студии и дигиталната заштита. Особено внимание се посветува на воспоставување соработка со институции кои располагаат со значајни аудиовизуелни архиви и ресурси, со цел нивна дигитализација, конзервација и достапност за научната и пошироката јавност.

Институтот ќе поттикнува активно учество во национални, регионални и меѓународни мрежи и програми, како и аплицирање и реализација на заеднички проекти финансирани од различни фондови и организации. Преку ваквите активности се

обезбедува размена на експертиза, мобилност на истражувачи и соработка на повеќе нивоа, што придонесува кон зголемување на видливоста и влијанието на Институтот.

Дополнително, Институтот ќе развива партнерства со јавниот и приватниот сектор, вклучувајќи компании од областа на медиумите, дигиталните технологии и креативните индустрии, со цел поврзување на научно-истражувачката работа со практичната примена и пазарните потреби. Овие партнерства ќе овозможат трансфер на знаење, развој на иновативни решенија и поддршка на уметнички и продукциски иницијативи.

Преку стратешки пристап кон градење и одржување на партнерства, Институтот ќе создава мрежа на соработка која ќе придонесе за негово позиционирање како релевантен и препознатлив центар во областа, како и за унапредување на научната, културната и општествената вредност на неговите активности.

Во национален контекст, соработка ќе се развива со Кинотека на Северна Македонија, Државен архив на Република Северна Македонија, Македонска радио-телевизија, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, како и со високообразовни и научни институции како Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

На регионално ниво, Институтот ќе тежнее кон воспоставување партнерства со сродни институции, меѓу кои Кинотека на Црна Гора, Хрватска кинотека, Словенечки филмски архив при Архивот на Република Словенија, Бугарска национална филмотека, како и со универзитети и академии како Универзитет за уметности во Белград, Академија за драмски уметности Загреб и Национална академија за театар и филмска уметност „Кр. Сарафов“ – Софија.

Овие партнерства ќе овозможат размена на експертиза, заеднички истражувачки и уметнички проекти, мобилност на истражувачи и пристап до релевантни архивски и дигитални ресурси, со што ќе се придонесе кон унапредување на регионалната соработка и развој на современи практики во областа на аудиовизуелните студии и дигиталната заштита.

### 6.2 ГОДИНА II – 2027

#### 6.2.1 ИСТРАЖУВАЊЕ

- Издавање тематски зборник за предизвиците на дигитализацијата и конзервација на аудиовизуелното наследство.
- Пилот истражување: Акустичките параметри на македонските театри како фактор во аудиовизуелните доживувања на драмските и музичките претстави.
- Аплицирање во Македонското министерство за култура и во европски истражувачки фондови (Creative Europe, Horizon Europe).

#### 6.2.2 СТРУЧНА ПРАКТИКА

- Организација на панел „Дигитална конзервација и етика на архивирањето" во Скопје.
- Организација на научна конференција „Современи методи и технологии за дигитализација и архивирање на аудиовизуелни дела"
- Развој на копродукции/експертски договори со меѓународни партнери.

#### 6.2.3 ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

- Учество во COST Action, ENCATC или ELIA мрежи;
- Гостувања на меѓународни експерти, истражувачи, конзерватори за аудиовизуелно наследство;

#### 6.2.4 ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

- Пилот проект: „Дигитализација и конзервација на стари аналогни снимки од доајените на македонската фолк музика" (во соработка со НУБ, МРТВ, Кинотека и приватни архиви).
- Проширување на дигиталната база за истражувачки ресурси.

### 6.2.5 АНГАЖМАН СО ЗАЕДНИЦАТА

- Работилници за дигитална писменост и дигитализација на аудиовизуелни дела за млади културни работници.
- Истражувања од интерес за локалниот медиумски сектор.

## 6.3 ГОДИНА III 2028

### 6.3.1 КОНСОЛИДАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- Основање Центар за дигитална заштита и обуки.
- Издавање регионална монографија за аудиовизуелното наследство на Балканот.

### 6.3.2 СТРУЧНА ПРОДУКЦИЈА

- Меѓународна експертска работилница/лабораторија за дигитализација и реставрација а аудиовизуелни дела.
- Дигитална изложба на резултатите од истражувањата и проектите.
- Развој на дигитална изложба/поставка со елементи на конзервирани дигитални медиуми од проектот „Дичо Зограф – Наследство за светлината".

### 6.3.3 ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

- Членство во европски академски/експертски мрежи.
- Организација на меѓународна конференција „Иднината на дигиталните архиви".

### 6.3.4 ИНФРАСТРУКТУРА

- Целосна модернизација на опрема за дигитализација на специфични формати (магнетофонски ленти, грамофонски плочи, филмски ленти, стари видео формати)
- Развој на проект „Лабораторија за конзервација“ со современи мерни и контролни системи

#### 6.3.5 ЗАВРШНА ЕВАЛУАЦИЈА

- Годишен извештај за реализација на тригодишниот план;
- Формулирање на Стратегија за 2029 – 2031;

# 7. ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕХ

## 7.1 ИСТРАЖУВАЊЕ И НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

- 5+ научни трудови годишно
- 1–2 меѓународни истражувачки проекти во тригодишниот период

## 7.2 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА

- Број дигитализирани единици; функционален пребарувач; отворен пристап.
- Реализирани VR/AR проекти и дигитални изложби.

## 7.3 СТРУЧНИ ПРОГРАМИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ЈАВНИ НАСТАНИ

- 2 годишни обуки
- 1 меѓународна копродукција
- Број реализирани курсеви и учесници.

- Број меѓународни копродукции и фестивалски настани.

### 7.4 ПАРТНЕРСТВА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

- најмалку 3 активни партнерства
- учество во најмалку две европски мрежи

### 7.5 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

- функционален дигитален архив
- реализирани VR/AR проекти

## 8. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ

Институтот ќе функционира преку:

- Раководител (Директор) на институтот
- Научно-уметнички совет
- Истражувачки тимови
- Продукциска секција
- Административна поддршка

Сите тела работат во согласност со правилници, Етичкиот кодекс и системот за обезбедување квалитет на Универзитетот.

## 9. ФИНАНСИРАЊЕ

Одржливото функционирање, развој и долгорочна стабилност на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита се засноваат на интегриран и диверзифициран модел на финансирање, кој обезбедува рамнотежа помеѓу различни

извори на приходи и ја зајакнува институционалната автономија. Ваквиот пристап овозможува флексибилност во планирањето и реализацијата на програмските активности, како и отпорност кон надворешни финансиски влијанија.

Покрај средствата обезбедени преку јавни фондови, национални и меѓународни програми и проектни активности, значајна улога имаат и сопствените извори на финансирање, како и донациите од различни партнери, институции, организации и индивидуални поддржувачи. Овие извори овозможуваат дополнителна поддршка за развојни иницијативи, иновативни проекти и проширување на истражувачките и уметничките активности.

Сопствените приходи на Институтот можат да се генерираат преку реализација на научно-истражувачки проекти, експертски и консултантски услуги, едукативни програми, работилници, семинари, како и преку продукција и дистрибуција на аудиовизуелни содржини и дигитални ресурси. Ваквите активности не само што придонесуваат за финансиска одржливост, туку и за зајакнување на врската помеѓу научната, уметничката и пошироката општествена заедница.

Донациите, како дополнителен извор на средства, имаат значајна улога во поддршката на специфични програми, истражувања, инфраструктурни подобрувања и технолошки унапредувања. Тие овозможуваат реализација на активности кои имаат пошироко културно, образовно и општествено значење, особено во области кои се од стратешки интерес за развојот на аудиовизуелниот сектор и дигиталната заштита на културното наследство.

Примената на ваков диверзифициран модел на финансирање овозможува не само финансиска стабилност, туку и континуиран институционален развој, зголемување на квалитетот на научно-истражувачката работа и уметничката продукција, како и зајакнување на меѓународната соработка и видливост. Воедно, овој пристап создава услови за одржливо управување со ресурсите и долгорочно позиционирање на Институтот како релевантен центар во областа на аудиовизуелните студии и дигиталната заштита.

## 9.1. СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Сопствените приходи на Институтот се генерираат преку следните активности:

### 9.1.1. УМЕТНИЧКО-ПРОДУКЦИСКА ДЕЈНОСТ

- Приходи од снимање и озвучување на настани, како и обработка на аудиовизуелни матерјли;
- Приходи од копродукциски проекти со домашни и меѓународни партнери;
- Комерцијална експлоатација на авторски права, снимки и дигитални продукции.

### 9.1.2. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

- Продажба на научни и стручни публикации, монографии, зборници од конференции и списанија („Линк“, „Сум“);
- Дигитална дистрибуција на публикации преку онлајн платформи;
- Претплати и институционални лиценци за научни изданија.

### 9.1.3. ЕДУКАТИВНИ И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ

- Организација на работилници, обуки, летни школи и специјализирани курсеви;
- Консултантски услуги во областа на аудио и видео продукцијата, озвучувањето, дигитализацијата на податоците, архивирањето на аудиовизуелни материјали и податоци;
- Изработка на експертски анализи, студии и истражувачки извештаи за јавни и приватни субјекти.

### 9.1.4. ИЗНАЈМУВАЊЕ РЕСУРСИ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Изнајмување на студија, техничка опрема и продукциски капацитети;
- Користење на дигиталната платформа и архив од страна на трети лица;

- Организација на настани за надворешни корисници.

## 9.2. ФИНАНСИРАЊЕ ПРЕКУ ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА

Институтот активно развива политика за привлекување на донации и спонзорства, како значаен сегмент од финансиската одржливост.

### 9.2.1. ИНДИВИДУАЛНИ И КОРПОРАТИВНИ ДОНАЦИИ

- Финансиски донации од физички лица, уметници, алумни и поддржувачи на мисијата на Институтот;
- Спонзорства од компании во замена за промотивна видливост и општествена одговорност;
- Долгорочни партнерства со корпоративниот сектор.

### 9.2.2. МЕЃУНАРОДНИ ФОНДАЦИИ И КУЛТУРНИ ОРГАНИЗАЦИИ

- Поддршка од фондации и институции кои финансираат култура, уметност и истражување;
- Грантови за специфични проекти, фестивали, конференции и публикации;
- Соработка со амбасади и културни центри.

### 9.2.3. ДОНАТОРСКИ КАМПАЊИ И ФОНДОВИ

- Организирање на јавни кампањи за прибирање средства (crowdfunding);
- Формирање на фонд за поддршка на млади уметници и истражувачи;
- Специјализирани донаторски програми за конкретни проекти (на пример: дигитализација, продукција, издаваштво).

## 9.3. УПРАВУВАЊЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

### 9.3.1. ПЛАНСКО БУЏЕТИРАЊЕ

- Годишно планирање на приходите и расходите врз основа на програмските активности;
- Диверзификација на изворите со цел намалување на финансиски ризици.

### 9.3.2. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

- Редовно финансиско известување пред раководните тела на Институтот и Универзитетот;
- Јавна достапност на извештаи за реализирани донации и проекти;
- Почитување на националните законски прописи и меѓународни стандарди.

### 9.3.3. ОДРЖЛИВОСТ И РЕИНВЕСТИРАЊЕ

- Реинвестирање на дел од сопствените приходи во развој на инфраструктурата и кадарот;
- Поддршка на нови истражувачки и уметнички иницијативи;
- Континуирано унапредување на техничките и дигиталните капацитети.

## 9.4. СТРАТЕШКИ ПРИСТАП КОН ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

Институтот ќе воспостави интегриран систем за финансиско управување кој:

- ќе обезбеди баланс помеѓу јавни, сопствени и донаторски средства;
- ќе ја зајакне автономијата во донесувањето на програмските одлуки;
- ќе овозможи долгорочен развој и меѓународна конкурентност;

- ќе ја позиционира институцијата како стабилен партнер во европските и глобалните културни и истражувачки мрежи.

## 10. УСОГЛАСЕНОСТ СО СТАНДАРДИ И РЕГУЛАТИВА

Овој тригодишен развоен и истражувачки план на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита е изготвен во согласност со релевантната национална и меѓународна регулатива, стандарди и стратешки документи, со цел обезбедување на квалитет, одржливост и институционална усогласеност во работењето.

Планот е усогласен со одредбите од Законот за високо образование на Република Северна Македонија, со што се гарантира дека предвидените активности, организациската поставеност и развојните насоки се во рамки на законски утврдените принципи и услови за вршење научно-истражувачка дејност.

Воедно, планот ги интегрира принципите и препораките од Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот простор за високо образование (ESG 2015), особено во делот на внатрешното обезбедување квалитет, транспарентноста, континуираното подобрување и отчетноста на институцијата.

Во контекст на идниот развој, планот е конципиран во согласност со Националната рамка на квалификации, особено во делот на потенцијалното развивање на образовни програми и нивно усогласување со националните и европските квалификациски нивоа, што овозможува компатибилност и препознатливост на резултатите од учењето.

Дополнително, планот е усогласен со стратешките определби на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ – Скопје за периодот 2025–2028 година, со што се обезбедува кохерентност помеѓу институционалните цели на Универзитетот и развојните насоки на Институтот.

Во поширок европски контекст, планот ги зема предвид релевантните политики и иницијативи во областа на културата, научно-истражувачката дејност и дигиталната трансформација, вклучително и принципите за заштита и дигитализација на културното наследство, отворен пристап до научни резултати и интердисциплинарна

соработка. Ова овозможува позиционирање на Институтот во согласност со современите европски трендови и практики.

Со ваквата усогласеност, Институтот обезбедува дека неговите активности се засноваат на признати стандарди и принципи, што придонесува кон зголемување на квалитетот, релевантноста и меѓународната препознатливост на неговата работа.

Научно-уметнички совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита

Директор

Проф. Сашо Павловски

-------------

Скопје, 16.04.2026